24-25 декември, 2005
сабота - недела

Утрински Весник
Број 1964
понеделник, 26 декември 2005



Македонија

Southeast European Times.com

НА ПРВО МЕСТО

**Реакција на поранешниот ревизор Методија Тошевски на изјавите на премиерот Владо Бучковски**

# За "нестручниот ревизор" и за мудриот премиер

**ТОШЕВСКИ: Потврдувам дека наодите во ревизорските извештаи за кои станува збор во написот се веродостојни, точни и вистинити**



Методија Тошевски

Поранешниот државен ревизор Методија Тошевски реагира на оцените и дисквалификациите на премиерот Владо Бучковски искажани во минатонеделното интервју на МТВ на негова сметка. Бучковски со лични дисквалификации на сметка на Тошевски тогаш ги отфрли наодите на ревизијата во Министерството за одбрана во периодот кога тој беше на чело на одбраната. Премиерот го оквалификува како нестручен и неквалитетен довчерашниот прв државен ревизор Тошевски.

Претходно државниот ревизор утврди дека во Министерството за одбрана во 2004 година биле сторени низа неправилности во работењето. Во одбраната, само врз основа на договори во четири очи на фирми им биле исплатени повеќе од 900 илјади евра.

Тошевски вчера реагираше со изјава до нашиот весник, која ја пренесуваме во целост.

"Премиерот на Владата е и мој премиер и додека е тој премиер, има обврска да ја зборува вистината и да го брани достоинството на функцијата што ја врши. Потврдувам дека наодите во ревизорските извештаи за кои



Печатено Издание

Креирано со nextsense WebBuilder

nextsense HOSTING SOLUTIONS hosting partner On! Кога ти треба ИНТЕРНЕТ

SITE METER 2,019,954

станува збор во написот се веродостојни, точни и вистинити врз основа на документацијата што е апсолвирана во текот на ревизијата и процедурите сврзани со ревизијата.

Врз основа на неколкуте коментари на премиерот сврзани со ревизорските извештаи, при што ниеден конкретен наод не е негиран, оспорен или образложен со прилог на нови документи кои ќе ги негираат наодите на државниот ревизор, во што да верува јавноста сега кога како крајна оцена ја имаме кратката јасна и децидна изјава искажана од премиерот во истиот ТВ-дневник на МТВ 1 емитуван на 10 декември 2005 година во 17,20 часот кога е и направен коментарот во врска со Ревизорскиот извештај за извршената државна ревизија на Министерството за одбрана за 2004 година која гласи: „Извештајот на државниот ревизор не е лажен°. И навистина не е лажен. Значи, Извештајот на државниот ревизор е точен, вистинит, реален. Само таков ревизорски извештај не е лажен. Ако ревизорскиот извештај не е лажен, тој е вистинит. Ако е вистинит, а вистинит е, потписникот стои зад него тогаш како истиот субјект кој како крајна оценка заклучува дека „Извештајот на државниот ревизор не е лажен° изјавува дека „ги отфрла ревизорските извештаи°. Нешто не е јасно. Дали таквиот двоен став е намера, злонамера, порака или практика. Големо прашање за анализа. Сепак, јавноста знае да прави разлика.

Државниот ревизор не ги коментира своите извештаи. Ревизорот во ревизорските постапки има завршна презентација на ревизорските наоди пред одговорните лица на субјектот и тука е и местото и моментот на ревизорот да му се презентираат дополнителни аргументи со документи за прашањата сврзани со наодите на државниот ревизор. Државниот ревизор не го цени опортунитетот за некоја постапка на надлежен или ненадлежен орган или постапка на индивидуален извршител независно од неговиот ранг. Правната држава за државниот ревизор значи почитување на прописите такви какви што се донесени од надлежен орган сѐ додека не дојде до нивна промена. Државниот ревизор ја цени примената на законитоста во практикувањето на прописите. Други органи ја ценат опортуноста. Но, ако се утврди таква потреба, со таква потреба надлежниот орган е должен да го усогласи и соодветниот пропис или да донесе нов. Не е дозволено со прописите да се постапува според наоѓање.

Откако ќе завршат процедурите на приговори и забелешки како корективни отстапки за отстранување евентуални непрецизности во ревизорскиот извештај, исклучени се секакви дополнителни коментари, објаснувања и слично, за одговорните на субјектот. Во понатамошната постапка тие имаат обврска да ги спроведат препораките на ревизорот и/или да понесат одговорност за отстапувањата во примена на прописите и за утврдените незаконитости.

Се разбира, уште поголема одговорност сноси ревизорот ако ги пречекорил професионалните и етичките норми, применувајќи ги меѓународните и домашните стандарди за ревизија во јавниот сектор надвор од нивната суштина, со утврдување на невистинити состојби.

Во оваа прилика, водејќи се од Кодексот на ревизорската етика, нема да се впуштам во одговарања и коментари на аспектите во прашањата што се предмет на опсервација во цитираниот напис, независно во чие име и од чија уста се изречени, особено и поради тоа што тие се направени по објавувањето на Ревизорскиот извештај, а не пред тоа или по некој друг повод. Уште повеќе и поради тоа што тие излегуваат надвор од предметот на расправата и засегаат во сферата на лична дисквалификација без основа и со извртени факти. Затоа пак ќе си задржам право да зборувам по истекот на рокот кој според ревизорските стандарди етички е да го испочитувам, а таквото однесување било гесло во целиот мој професионален и личен живот.

На јавноста оставам да оценува и суди за сите други аспекти изречени и објавени во врска со работата на Државниот завод за ревизија за времето од февруари 2000 до декември 2005 година.

© 2001 Утрински Весник, сите права задржани

**МАКЕДОНИЈА - ДНЕВНИК**

## Според извештајот на Државниот завод за ревизија за 2003 година

# Министерствата потрошиле 46 милиони евра без тендери

**Шампиони во заобиколувањето на јавните тендери биле министерствата за образование и за внатрешни работи**



Министерството за финансии нема претстава за вкупниот имот на државата: спомен-обележјето Пелинце

Македонската државна администрација функционира во услови на финансиска импровизација, за долговите и заемите нема прецизна евиденција, речиси нема институција што не ја прекршила законската процедура за јавни тендери, а од Буџетот се потрошени незаконски и ненаменски 36 милиони евра за една година.

Ова се наодите од извештајот на Државниот завод за ревизија за 2003 кој минатата недела беше дистрибуиран во Собранието и во кој и покрај ваквата констатирана законска и финансиска недисциплина кај државните органи и јавните претпријатија, стои дека и натаму во ревизијата се ангажирани половина од потребните 66 ревизори и не се исплатени сите средства на службата да ја заврши оваа задача. Ставка по ставка во извештајот на државниот ревизор пишува дека шампиони во заобиколувањето на јавните тендери биле министерствата за образование и за внатрешни работи, а сите заедно без тендери потрошиле 46,2 милиона евра за јавни набавки. Оцена на ревизорот е дека речиси кај сите органи или институции кои биле предмет на проверка е утврдено непочитување на Законот за јавни набавки, што според него не обезбедува гаранции за наменско трошење на средствата, за избор на најповолен набавувач и ги поттикнува сомневањата за корупција во оваа сфера.

Во извештајот, исто така, стои дека Министерството за финансии нема целосна евиденција за следење на надворешниот долг на земјата, за издавањето гаранции, заеми, донации и за другите обврски што се плаќаат од Буџетот, ниту, пак, има утврдено техника за годишно финансиско известување со која ќе се направи увид во вкупниот имот на државата за да може врз основа на тоа да се вршат капитални инвестиции. Ревизијата утврдила неажурно и неуредно сметководство во повеќе министерства и органи, па дури и во службата за општи и заеднички работи на Владата и Министерството за надворешни работи, а на општинско ниво се утврдени и парадоксални ситуации - исплаќање спонзорства без да се обезбедат пари од спонзори, исплати за разни намени за кои не биле обезбедени средства, самоиницијативно зголемување на платите на градоначалниците и локалните административци и слични нешта. Ревизијата утврдила, исто така, дека Министерството за финансии и Царината наплатувале пари за ставки за кои не постои законска основа и на тој начин собрале дополнителни 4,7 милиони евра во своите приходи, а некои трошеле неосновано од девизните сметки или непредвидени средства со Буџетот, правејќи минусно салдо од околу 11 милиони евра. На крајот, ревизорот има забелешки и за нетранспарентноста при користењето на средствата дадени од меѓународни фондови или организации за разни програми, кои според него не се трошат за утврдените намени и според утврдените критериуми, ниту, пак, се објавуваат условите за нив. (Н.Р.)

интернет издание
www.dnevnik.com.mk
Дневник

Најнов број Насловна Број 2758 понеделник, 16 мај 2005

Македонија

Македонија
Економија
Форум
Свет
Омнибус
Спорт
Дане
АНТЕНА
ВИКЕНД

АРХИВА

ПРЕБАРАЈ

OK

отпечати ја статијата
испрати ја статијата на пријател

ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# Незаконско трошење државни пари и во 2004 година

Државниот завод за ревизија и во 2004 година утврди незаконско и ненаменско користење пари од државните институции, особено при јавните набавки. На вчерашната седница на Комисијата за финансирање и буџет, беше кажано дека ревизорите извршиле контроли кај 129 субјекти, за што се издадени 190 извештаи, јави МИА.

- За жал, направени се поголеми трошоци од планираните, особено во врска со децентрализацијата, бидејќи се пријавени неисплатени долгови од над 40 милиони евра на општините - рече директорот на Заводот за ревизија, Методија Тошевски.

Според него, некои од институциите во кои се повторуваат ревизиите се заинтересирани да ги отстранат неправилностите, но кај некои се повторуваат исти наоди.

Ангел Димитров, пратеник од СДСМ, смета дека Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи треба да бидат поажурни при проследувањето на наодите на ревизорите.

Комисијата му порача на Собранието да побара од Владата да преземе мерки за одговорност на лицата во државните институции што вршеле незаконска употреба на јавните средства.

Комисијата го прифати предлогот за менување и дополнување на Законот за акцизи, со кој акцизата кај нафтените деривати од распонот минус-плус три проценти се менува на распон од 0 до три проценти. Според министерот за финансии Никола Поповски, со измените ќе се избегнат негативните последици при утврдувањето на малопродажната цена на нафтените деривати.

инфо /info
контакт
прилози
претплата
импресум
маркетинг / advertise

Креирано со nextsense WebBuilder

АВТОСВЕТ



вечер
ПРИЛОГ ДОДАТОЦИ
7/14/2005 Бр. 12943 ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ДЕН ОСВЕ



Анкета

Дали ракетирањето на полициската станица во Вратница ќе ја наруши безбедносната ситуација во државата?

- Да
- Не
- Не знам

ГЛАСАЈ

Реклами

Политика



ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА НАЈДЕ НЕПРАВИЛНОСТИ ВО РАБОТАТА НА СОБРАНИЕТО НА РМ И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

## Авио билети без тендер

Собранието на РМ незаконски потрошило 12.524.000 денари за месечни надоместоци на пратениците, како и 19.627.000 денари за дневници за службени патувања, тврди Државниот завод за ревизија во својот конечен извештај за 2004 година. Според ревизорот, одредбите од Законот за плати и други надоместоци на пратениците не предвидуваат таков вид на надоместок. Констатирано е дека биле исплатени и 1.670.000 денари за набавка на авио билети, за кои не била запазена законската постапка. Дадените аванси, пак, се евидентирани само при нивното раздолжување што, според Ревизорот, предизвикува нереално прикажување на состојбата на благајната. Останатите средства се трошени законски и наменски.

Од Собранието се "вадат" дека ревизијата е вршена пред да стапи на сила одлуката за укинување на паушалите на пратениците, односно, дека во 2004 година, се уште важеше одлуката на Комисијата за избори и именувања, со која на пратениците им се определува паушал. За авио билетите, пак, оправдувањето е дека се работи за патувања извршени во јануари и февруари 2004 година, кога не било можно да се распише тендер додека не заврши процедурата со усвојувањето на буџетот. За да нема злоупотреби, тие наводно, и покрај тоа што не бил распишан тендер, избирале меѓу пет-шест понуди. Официјален приговор до Државниот завод, сепак, немаат поднесено. Ревизорот нашол неправилности и во работењето на Министерството за локална самоуправа, од каде што се трансферирани средства во висина од 49. 766.000 денари за поплочување на плоштадот на град Скопје и 15 милиони денари за реновирање на објектот на општинската зграда во Дебар, иако за ова во буџетот не се планирани средства. Благајничките извештаи во Министерството не се вршени редовно, во неколку наврати е прекршен Законот за платен промет, не се евидентирани авансите и не се приложувани фискални сметки и авионски карти за отчет. Ставката недоместоци е преценета во износ од 90 илјади денари, двапати е платена набавка на авто гуми за лесни возила, платени на вкупен износ од 92 илјади денари, а исплатени се и трошоци за мобилни телефони од 230 илјади денари. Министерството, според Државниот ревизор, ги покрило и трошоците од 62 илјади денари за коктел на манифестацијата "Актерот на Европа", која е надвор од неговата дејност. Одговорноста за финансиското работење за 2004 година, се вели во извештајот, ја носи тогашниот министер за локална самоуправа, Александар Гештаковски, но мал дел, од 17 декември, отпаѓа и на Ризван Сулејмани, кој ја презема функцијата.

Далиборка ДЕМЈАНСКА

интернет издание

www.dnevnik.com.mk

Дневник

Најнов број Насловна Број 2910 сабота, 12 ноември 2005



Креирано со nextsense WebBuilder

АВТО СВЕТ




# Македонија



ДРЖАВНИТЕ РЕВИЗОРИ ОТКРИЈА

## Даночната управа незаконски потрошила 615.000 евра

Управата за јавни приходи незаконски и ненаменски потрошила 615.000 евра при јавни набавки, нелегално собирала надоместок за регистрација на фирмите и на увозниците по различни цени им продавала контролни маркички за алкохол и за тутун. Ова го утврдил Државниот завод за ревизија во извештајот за работењето на УЈП во минатата година. Ревизорите утврдиле дека во 23 отсто од набавките, вредни над половина милион евра, не е спроведен Законот за јавните набавки.

Во Управата велат дека не се виновни за незаконско спроведување на јавните набавки.

- Околу 510.000 евра од јавните набавки се потрошени врз основа на тендер објавен од Министерството за финансии за печатење акцизни маркички за алкохолни и тутунски производи, а остатокот од 100.000 евра е набавката на гориво за УЈП во Битола - изјавија во Управата.

Во Министерството за финансии тврдат дека во минатата година не спровеле ниеден тендер за УЈП.

- Тендерот за печатење на контролните маркици е од 1999 година, што значи дека во ревизорскиот извештај нема ништо спорно што би се однесувало на Министерството - изјави портпаролката Маја Богдановска.

Ревизорите и забележаа на УЈП дека незаконски собрала околу 28.000 евра од фирмите бидејќи не постоела законска основа за наплата на надоместок при регистрацијата на даночните обврзници. Со одлука на колегиумот на Управата, од годинава не се наплаќа оваа давачка. Но парите што претходно незаконски се собрани, УЈП нема намера да ги врати.

- Станува збор за мала сума што е собрана од голем број фирми и Управата нема да ги враќа парите бидејќи административната процедура сепак е сложена. Кога дојде Петра Митева на чело на УЈП, утврди дека нема законска основа за собирање на овој приход и тоа е сопрено годинава - велат од Управата. Оттаму не кажуваат зошто на директорката Митева и требале две години за да ја сопре незаконската наплата.

Ревизорите утврдиле и дека УЈП во минатата година контролните маркички за увоз на алкохолни пијалоци и тутун ги продавала по различни цени за различни увозници бидејќи не постоело решение за формирање на цените. Разликата во цените на контролните маркички се движела од 0,18 до 0,48 денари, а ревизорите не добиле објаснување од УЈП на што се должи ова. Потребното решение било донесено на 31 декември минатата година и се однесува на 2005 година.

Ревизорскиот извештај треба да го разгледаат Јавното обвинителство и Владата, кои треба да оценат дали има основа за покренување постапка за барање одговорност од надлежните лица во УЈП.

интернет издание

www.dnevnik.com.mk

Дневник

Најнов број Насловна Број 2944 четврток, 22 декември 2005



Креирано со nextsense WebBuilder

АВТОСВЕТ




# Македонија



РЕВИЗОРОТ БАРА ПОДАТОЦИ ЗА ПАРТИСКИТЕ НЕДВИЖНОСТИ

## СДСМ има околу 5.000 квадратни метри имот

СДСМ поседува над 4.700 квадратни метри работен простор, од кои најголемиот дел во Скопје. Копии од имотните листови на објектите вчера партијата доставила до Државниот завод за ревизија, откако им беше забележано дека не го пријавиле целиот имот што го поседуваат.

Според предревизорскиот извештај, СДСМ пријавил дека располага само со два објекта, а според Управата за јавни приходи, во 2003 година партијата остварила приходи од закупнина за други градежни објекти.

Во партијата велат дека поголемиот дел од имотот е наследство од Сојузот на комунистите на Македонија, бидејќи СДСМ е правен наследник на оваа партија. Само во Скопје СДСМ има имот од околу 2.400 квадратни метри. Комплексот на улицата Бихаќка 8, каде што е сместена партиската централа, има околу 1.500 квадратни метри, а сопственост на СДСМ се и две бараки кај гимназијата "Ѓорѓи Димитров" со вкупна површина од 900 квадратни метри.

Социјалдемократите во Битола поседуваат двокатна зграда со површина од 500 квадратни метри, која се наоѓа спроти културниот дом. Толкава површина поседуваат и во Дебар, а во Ресен во нивна сопственост се заведени околу 480 квадратни метри. Во Струга партијата има 200 квадратни метри простор, а во Охрид 150 квадратни метри на кат од куќа на пристаништето. Во Кавадарци поседуваат недвижен имот од 150 квадратни метри, а во Крива Паланка и Лозово по 120.

- Ревизорите што беа во СДСМ, беа да ја контролираат финансиската сметка на партијата за 2004 година, а не да вршат проверка на недвижниот имот. Бидејќи и тоа ги интересира и знаејќи дека е можно некој од ДЗР таквиот извештај однапред да го објави и да го злоупотреби, ние во одговорот им доставивме копии од нашите имотни листови - изјави вчера Никола Ќуркчиев, генерален секретар на СДСМ.

Тој додаде дека за сите објекти партијата ја регулирала имотната состојба.

Портпаролот на ДЗР, Мијалчо Дургутов, вчера изјави дека се уште не ги добиле забелешките од СДСМ.

- Ако партијата пратила одговор, очекувам дека ќе го добиеме, денеска или најдоцна до утре. Ревизорите ја проверуваат имотната состојба, бидејќи приходи можат да се остваруваат и од недвижен имот - додаде Дургутов.

интернет издание
www.dnevnik.com.mk
Дневник
Најнов број Насловна Број 2934 сабота, 10 декември 2005



# Македонија

РЕВИЗИЈА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА ЗА 2004 ГОДИНА

## Бучковски платил 1.700.000 евра за опрема и за услуги што не ги добил

Министерството за одбрана лани дало 1.796.426 евра аванс за опрема и за услуги што не ги добило, утврдил државниот ревизор. Од 1994 година, поради неизвршени обврски или недоставена документација, Министерството нема оправдано околу 18.070.000 евра аванси, а без тендер склучувало договори и им давало аванси на претпријатија на крајот на годината за да го потроши одобрениот буџет, сметаат ревизорите.

"Дадените аванси не се затворени или поради неизвршени обврски од страна на добавувачот или поради недоставена документација во Секторот за финансии и управување со ресурси.

Ревизијата констатира дека поголем дел од договорите се склучувани на крајот на годината со давање на аванси, што има за цел (намера) ангажирање на неискористените средствата одобрени со Буџетот на крајот на годината, избегнувајќи ја при тоа постапката за јавна набавка, а злоупотребувајќи ја Одлуката од 1998 година со која се ослободени од примена на одредбите од Законот за јавни набавки само набавките на средства од безбедносен карактер. Ревизијата смета дека нетранспарентното склучување договори може да произведе неекономично, неефикасно и неефективно извршување на работите што се предмет на договор", се вели во извештаите.

Тоа е прва ревизија на сметките на приходите од самофинансирање и за приходите наплатени од други органи. Државниот ревизор досега еднаш, во 2001 година, ја проверил буџетската сметка на МО и дал негативно мислење. Во новиот извештај, ревизорите укажуваат дека МО не презело ништо во за слабостите со јавните набавки утврдени на минатата ревизија.

Во сметките биле оправдани само авансите дадени на "Сувенир" од Самоков, а документацијата за аванс од околу 2,5 милиони евра на ТД "Бе-ма" била доставена до МВР за понатамошна постапка.

Според ревизијата, на фирмата ТД "Грединг" лани и бил даден аванс од 1.242.000 денари за реконструкција на паровод во касарната "Стив Наумов" во Битола. Вкупната вредност на договорот била 6.208.000 денари, а бил склучен со непосредна спогодба. Министерството се повикало на владина одлука за определување опрема, материјали и за услуги од безбедносен карактер, од 1998 година. Фирмата "Иднина инженеринг" добила милион денари аванс од договорот склучен на 25 ноември со кој Министерството со непосредна спогодба ја ангажирало да ја реконструира салата во касарната "Илинден" за 17.504.000 денари, односно за околу 286.000 евра.

инфо /info
контакт
прилози
претплата
импресум
маркетинг / advertise
Креирано со nextsense WebBuilder
АВТОСВЕТ

